Овој леток е дел од серијата напишана од медицински сестри, лекари и експерти со искуство во негата за стари лица. Серијата има за цел да го олесни вашиот пат до сместување во дом за нега на стари лица. Побарајте други летоци со прашања што треба да ги поставите за специфични потреби за нега. Овие може да се преземат на: **www.10questions.org.au**

Овие летоци може да ви бидат корисни:

- Во потрага по висококвалитетна установа за нега на стари лица
- При разгледување на квалитетот на вашата сегашна установа за нега на стари лица
- При донесување на одлука помеѓу две установи за нега на стари лица кои изгледаат слично.

Важно е да има доволно регистрирани медицински сестри во комбинацијата на вештини на персоналот за да ги задоволат потребите на сите. Една регистрирана медицинска сестра по смена можеби нема да биде доволна за безбедно надгледување и обезбедување нега.

Многу вработени носат слични униформи. Само затоа што некој изгледа како медицинска сестра не значи дека е. Еве ги разликите:

**Регистрирана медицинска сестра (registered nurse - RN)** има завршено минимум три години високо образование за диплома за медицински сестри. Тие можат да пружат нега, да ракуваат со лекови против болки и да помогнат да се спречат непотребните приеми во болница.

**Заведена медицинска сестра (enrolled nurse - EN)** работи под раководство на регистрирана медицинска сестра (RN). И двете се регистрирани од регулаторно тело. Регистрацијата обезбедува одржување на професионалните стандарди и ја штити јавноста.

**Асистентите за медицинска нега (Assistants in Nursing - AINs) / работниците за нега (Care Workers) / вработените во Службата за нега (Care Service Employees - CSE)** работат под надзор и раководство на медицински сестри и обезбедуваат најголем дел од негата во установите за нега на стари лица и во заедницата. Нивното ниво на обука и улоги се разликуваат.

Февруари 2023

# ВАШЕ ПРАВО Е ДА ПРАШАТЕ

Најдобар начин да најдете установа за нега на стари лица што ви одговара е да посетите неколку.

За да ги најдете вашите локални установи или за повеќе информации за услугите за нега на стари лица, контактирајте

**My Aged Care**
**1800 200 422**
**myagedcare.gov.au**

Овој леток е составен и одобрен од:

За целосна листа на организации за поддршка, посетете ја веб-страницата **www.10questions.org.au**

Ако нешто ве загрижува во врска со некоја установа за нега на стари лица, контактирајте:

1800 951 822

Australian Government
Aged Care Quality and Safety Commission

www.agedcarequality.gov.au

# 10 Прашања да поставите

## ЗА

## УСЛУГИ ОД ОПШТ ЛЕКАР (GP) ВО УСТАНОВИТЕ ЗА НЕГА НА СТАРИ ЛИЦА

## (GP - MACEDONIAN)

**www.10questions.org.au**

Овој леток е напишан и развиен со придонес од Кралскиот австралиски колеџ за општи лекари во Нов Јужен Велс (Royal Australian College of General Practitioners NSW Faculty)

***Начинот на кој можете да дојдете до медицински услуги обезбедени од општите лекари (GP) во установа за нега на стари лица може да се разликува во зависност од локацијата. Следниве прашања може да бидат корисни да се постават за да се разјасни како е организирано користењето на услуги од општ лекар, при изборот на служби за нега на стари лица.***

## 1 Може ли да го задржам мојот претпочитан општ лекар*?

Ако се преселувате надвор од областа што ја опслужува вашиот вообичаен општ лекар, можеби нема да можете да го задржите. Проверете со вашиот општ лекар дали сака да продолжи да ве гледа на вашата нова локација, доколку тоа ќе има влијание на вашата одлука да се преселите. Ако го смените општиот лекар, замолете го сегашниот лекар да го препрати вашето медицинско досие на новиот за да ја знае вашата медицинска историја. Континуитетот на нега е добар, особено ако живеете со деменција или не можете да ги објасните вашите симптоми.

## 2 Кој персонал и процеси постојат за да се обезбеди добро клиничко предавање на податоци помеѓу општ лекар и медицинските сестри?

Општите лекари кои го постуваат домот и оние кои работат во домот се потпираат на добро документирани информации за здравствените потреби на една личност за да обезбедат квалитетна здравствена заштита, заедно со медицинските сестри и здравствените работници од здруженото здравство кои работат во установи за нега на стари лица. Регистрираните медицински сестри (RN) имаат клучна улога во документирањето на здравствените информации на една личност и пружањето на нега пропишана од општите лекари.

## 3 Дали член на персоналот ќе биде достапен за да ме придружува на закажаните термини кај општ лекар / болница?

Имате право да го видите вашиот општ лекар во приватност, без разлика дали тоа е во установата или во ординацијата на лекарот. Сепак, може да биде корисно да има член од персоналот таму да помага и да пренесува здравствени информации. Проверете дали персоналот е достапен да ве придружува на закажаните термини доколку е потребно.

## 4 Дали има лекар на лице место?

Некои установи вработуваат свои лекари. Ова може да спречи непотребно одложување на лекувањето или хоспитализацијата. Сепак, тие можеби нема да бидат вработени „надвор од работното време“, затоа проверете какви аранжмани има за тие времиња. Ова не треба да ве спречи да го задржите претпочитаниот општ лекар ако сакате, доколку тој може да ја услужува областа во која живеете.

## 5 Дали ќе треба да платам за да ја посетам ординацијата на мојот општ лекар?

Онаму каде што давателот на нега на стари лица не може да организира посета на општ лекар во установата, тие може да наплатат трошоци за транспорт и член на персоналот да ве придружува на прегледи надвор од локацијата. Сепак, мора да бидете информирани за овие трошоци и да се согласите да платите пред да се направат аранжмани. Истото може да важи и за посетите на лекари надвор од локацијата и за закажани термини со здруженото здравство (allied health).

## 6 Дали секогаш се повикува општ лекар ако состојбата ми се влоши и ми треба помош?

Општите лекари кои работат заедно со регистрираните медицински сестри често може да ја обезбедат потребната нега на лице место и да се избегне прием во болница. Ова може да вклучува нега обезбедена онлајн преку видео или преку телефон. Ако има доволно регистрирани медицински сестри на лице место во секое време, значи дека таму има клинички обучени професионалци за да проценат какво било влошување на вашата состојба и да дејствуваат соодветно. Асистентите за медицинска нега (AIN) / работниците за нега немаат исто ниво на обука за да го направат тоа и може да повикаат брза помош ако видат дека состојбата на некое лице се влошува.

## 7 Кој ќе ги препише и прегледа моите лекови?

Може да има лекар вработен во установата кој може да препише лекови. Сепак, повеќето установи се потпираат на општиот лекар на лицето за да го направи тоа. Многу постари луѓе земаат повеќе лекови, некои кои не делуваат добро кога се комбинираат со други лекови или може да имаат несакани ефекти. Каде што се на располагање, локалните фармацевти можат да извршат преглед на лекови. Општите лекари, исто така, можат да го направат тоа.

## 8 Дали општите лекари посетуваат лично или преку „Telehealth“?

„Telehealth“ понекогаш може да биде побрз и позгоден начин да се види општ лекар, особено во руралните и оддалечените области. „Telehealth“ му дозволува на општ лекар да се консултира со вас онлајн, преку телефон или видео врска. Проверете со општиот лекар дали се наплаќа за ова. Кога користите „Telehealth“, општите лекари во голема мера се потпираат на регистрираните медицински сестри (RN) за да го спроведат нивниот препорачан третман, па затоа е важно да се провери дали има доволно RN на лице место во секое време.

## 9 Што се случува ако ми треба лекар ноќе?

Ако установата вработува лекар, прашајте дали се достапни во секое време. Општите лекари често работат на смени при што се на „на повик“ со други локални општи лекари.  Брзата помош не треба да биде замена за посета на општ лекар, освен ако е итен медицински случај.

## 10 Дали моето семејство и јас ќе бидеме поканети на разговори за мојот случај со општ лекар и друг персонал за да се утврди планот за нега?

Разговори за случаи (понекогаш наречени конференции за случаи) обично се состаноци помеѓу вас, вашиот општ лекар и други здравствени работници (како што се медицинските сестри и физиотерапевти) за да разговараат за вашите здравствени потреби и нега. Овие разговори помагаат да се осигурате дека на сите им е јасен планот за нега и третманот кој е најдобар за вас. Важно е да имате контрола врз вашата здравствена нега со тоа што ќе учествувате во разговори за случаи. Може да изберете да учествува и член на семејството.

* Општиот лекар е најверојатно првата точка на контакт во прашањата за личното здравје и тој ја координира негата за пациентите и ги упатува пациентите кај други специјалисти.